# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

26 ноември 2021 | Излегува по потреба | Година XVI | број 15



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНИТЕ ВО СООБРАЌАЈНАТА НЕСРЕЌА ВО РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за помош на настраданите во сообраќајната несреќа во Република Бугарија, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 25.11.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4559/1**
**од 26.11.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/20) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четвртата седница одржана на 25.11.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНИТЕ ВО СООБРАЌАЈНАТА НЕСРЕЌА ВО РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба во знак на хуманост и солидарност доделува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година за помош на настраданите во сообраќајната несреќа во Република Бугарија, што се случи на 23.11.2021 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во вкупен износ до 450.000,00 денари, кои ќе се исплатат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, од Програма - АО - Совет на општина, ставка 413 - тековна резерва.

**Член 3**

Одобрените средства да се уплатат на соодветна донаторска сметка на надлежната интитуција.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4494/3**
**од 25.11.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за доделување на финансиски средства за помош на настраданите во сообраќајната несреќа во Република Бугарија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 15/21**
**04 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци